Влада на Република Северна Македонија

-ЈАВНА УСТАНОВА ЗАВОД ЗА ЗАШТИТА И РЕХАБИЛИТАЦИЈА
Б.БАНСКО СТРУМИЦА -

**Архивски број: 05-04/84**
**Датум:09.07.2021**

# ПОКАНА ЗА ПОДНЕСУВАЊЕ НА ПОНУДИ

**До: Економските оператори**

**ПРЕДМЕТ: Покана за поднесување понуда за јавна набавка на Поставување на бетонски таложник и цевки за септичка јама од причина од крајна итност.**

Почитувани,

ЈУ Завод за заштита и рехабилитација Бања Банско с. Банско бб, Струмица, тел: 034/377-169,електронска адреса: juzzr-st@mtsp.gov.mk, веб-страна www.zavodbansko.com.mk лице за контакт Розита Манчева тел: 071/726-064 има потреба од **набавка на Поставување на бетонски таложник и цевки за септичка јама.**

За таа цел, договорниот орган спроведува постапка за доделување на договор за јавна набавка на услуги со постапка со преговарање без објавување на оглас, во согласност со член 55 од Законот за јавните набавки („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 24/2019), за што објави оглас.

Ве молиме да ни ја доставите Вашата првична понуда за горенаведениот предмет на договорот за јавна набавка најдоцна 12.07.2021 година во 11:00 часот (по локално време) по пошта на горната адреса или лично со поднесување во архивата на договорниот орган.

Со оваа покана Ви доставуваме тендерска документација која ги содржи сите информации кои ќе Ви помогнат за изработка на понудата или истата може да ја испечатите од веб страната на ЈУ Завод за заштита и рехабилитација Бања Банско www.zavodbansko.com.mk

Ве молиме при изготвување на Вашата понуда да ги користите оригиналните обрасци кои се составен дел на тендерската документација и да наведете лице кое во име на понудувачот ќе учествува во преговорите за реализација на набавката (име и презиме, контакт телефон).

Отворањето на понудите ќе биде јавно и ќе се изврши на 12.07.2021 година во 11:00 часот во просториите на ЈУ Завод за заштита и рехабилитација Бања Банско с.Банско –Струмица.

Однапред благодариме на соработката.

Одговорно лице
Директор
Дипл.дефектолог Стојанка Изова